А1- домување во станбени куќи
А2- домување во станбени згради
А3 -групно домување
А4- времено сместување
Б -Комерцијални и деловни намени
Б1- мали комерцијални и деловни намени
Б2- големи трговски единици
Б3- големи угостителски единици
Б4- деловни простори
Б5- хотелски комплекси
Б6- градби за собири
В- Јавни институции
В1 -образование и наука
В2 -здравство и социјална заштита
В3- култура
В4 -државни институции
В5- верски институции
Г -Производство, дистрибуција и сервиси
Г1- тешка и загадувачка индустрија
Г2 -лесна и незагадувачка индустрија
Г3- сервиси
Г4 -стоваришта
Д- Зеленило и рекреација
Д1- парковско зеленило
Д2- заштитно зеленило
Д3- спорт и рекреација
Д4- меморијални простори
Е Инфраструктура
Е1 комунална инфраструктура
Е2 комунална супраструктура
Е3 некомпатибилна инфраструктура

2. Под комбатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намена кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминуваат максимално дозволениот процент на учество даден во Прилог бр. 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. При изработка на планови од пониско ниво се дозволува употребата на компатибилните класи на намена на ниво на блок или наменска зона.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

3. Граница на четврт ја определува најголемата организациона единица на градежното земјиште во ГУП – Четвртта, и истата го дефинира урбаното подрачје за детално планирање на просторот. Границата на четврт е дефинирана преку осовини на сообраќајниците од примарната улична мрежа, дел од границата на планскиот опфат, речни корита, или природни граници (водотеци, парцели и сл).

4. Граница на блок ја дефинира помалата организациона единица во ГУП и како дел од четвртта претставува урбано подрачје за **детално планирање на просторот**. Границата на блокот е дефинирана со осовини на сообраќајници од примарната улична мрежа, осовини на постојни сообраќајници од секундарната улична мрежа, речни корита или граница на плански опфат.

5. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба.

6. Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

7. Градежна парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на право на градење и истата има реден број и ознака за класата на намена.

8. Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

9. Параметрите во однос на **процентот на изграденост,** како и на **коефициентот на искористување на земјиштето** се во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на планска документација од пониско ниво, според архитектонско-урбанистичката концепција на решението.

10 Процент на изграденост (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

11. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

12. При изработка на планови од пониско ниво да се планираат **максимални густини на домување** до 100 жители/хектар кај класата А0, до 150 жители/хектар кај класата А1, до 350 жители/хектар кај класата А2, односно до 300 жители/хектар кај класата А3.

13. При оформување на содржините во рамките на ДУП, во потполност да се почитуваат и применуваат Мерки и режими за заштита дефинирани во Изводот од Заштитно-конзерваторските основи за ГУП на град Прилеп, изработени од Националната установа „ Завод за заштита на споменици на културата и музеј – Прилеп“ со бр. 08-132/2 од 20.02.2009 година.

14. Во целост почитување и примена на Законот за заштита и спасување (СВ на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврската на планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти, и тоа: Законот за одбрана (СВ на РМ бр.42/01, 05/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 151/11), Законот за заштита и спасување (СВ на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14), Законот за управување со кризи (СВ на РМ бр.29/05, 36/11 и 41/14), Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл.весник на РМ бр. 80/2005), Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ бр.105/2005).

15. Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и

спасување, (СВ на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) кој е во согласност со директивите на Европската Унија, како и Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (СВ на РМ бр.100/10)

Согласно кон изнесеното предвидени се следните плански мерки за заштита од пожар:

- Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Ова ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10,0 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.
- Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изградба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притосок што овозможува непречено и брзо движење на ПП возила.
- Во Прилеп се наоѓа противпожарна единица која е опремена со ПП возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на ПП возило е околу 10 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.
- Потребно е да се предвидат надземни (или подземни) пожарни хидранти за снабдување на ПП возила со вода за гасење.

16. По однос на **заштита од природни непогоди,** објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области. По однос на **технолошките непогоди,** треба да бидат превземени сите мерки за заштита со изработката на проектите и премената на соодветната технологија.

17. При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни **мерки за заштита на елементите на животната средина**, при оформувањето на зелените површини,а поконкретно разработени на ниво на ДУП или на ниво на Арх.-Урбанистички проект.

18. За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од поглавје 13, членови 77-81, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање СВ на РМ бр. 63/12, и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање СВ на РМ бр. 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14).

19. Дворните места, односно просторот околу градбите хортикултурно да се уреди максимално блиску до природниот амбиент преку изработка на архитектонско-урбанистички проект или во состав на основниот проект задолжително е детално разработено ситуационо решение за партерно уредување.

20. Процентот на озеленетост е планска одредба во урб. план во рамки на градежната парцела, блокот или четврта. Процентот на озеленетост на ниво на урбана единица се добива кога ќе се соберат сите предвидени озеленувања во урбаната единица (јавно зеленило и зеленило планирано во пооделни градежни парцели).

21. Да се планираат тампон зони со заштитно зеленило (Д2) со ширина од 10,0 метри кај површини со некомпатибилни намени и постојни индустриски капацитети.

22. При изработка на УП за Четврт или ДУП, за граница на плански опфат да се земе границата на еден или повеќе блокови за детално планирање дефинирани во овој план.

23. При измена и дополнување на ДУП, се дозволува одредување на плански опфат чии граници се осовини на речни корита и улици од примарната или секундарната улична мрежа, кои се веќе дефинирани со постојна планска документација.

3.1.9.2. Основни параметри за уредување на просторот во делот на сообраќајот

1. Стационарниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на опфатот на урбаното подрачје.

2. Паркираните и гаражните места можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

3. Јавно паркирано или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на локалната самоуправа. Јавните паркирани и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини. Сите останати паркирани и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници, и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

4. Градбата на нови јавни паркинзи и гаражи ќе се врши според детални урбанистички планови и тоа првенствено во централното градско подрачје и неговата поблиска околина.

5. Крстосувањето на железницата со собирната улица С6 „Трајко Николоски“ кај Транспортниот Центар е решено на едно ниво со потребна вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација. Останатите крстосувања со примарната улична мрежа се решени со денивелирани крстосници во две нивоа. За добивање на одобрение за секаков вид градби (патишта, комунална инфраструктура и комунална супраструктура) потребно е да се достави барање до ЈП Македонски Железници - Инфрастуктура за добивање на конечна согласност.

6. Заштитниот појас на железницата изнесува по 25,0 метри од двете страни на осовината на крајните колосеци (според Законот за железнички систем - Службен Весник на РМ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13 и 42/14).

7. Во заштитниот појас на железничката пруга можат да се градат згради и други објекти и да се поставуваат постројки и уреди врз основа на одобрение под следниве услови:

- Во населени места, планински или мочуришни терени или други места каде што теренските услови го бараат тоа, може да се одобри отворање на рудници, каменоломи, изградба на објекти за производство на вар, тули, подигање индустриски згради, постројки и други слични објекти во заштитниот појас покрај железничката пруга, ако земјиштето на кое се наоѓаат овие постројки се наоѓа на подрачјето кое органот на општината го определил за изградба на објекти и постројки, но не поблиску од 50,0 метри од оската на крајните колосеци.
- Во населени места и на земјиштето од претходната точка, може да се одобри изградба на станбени, деловни, помошни и слични згради, копање бунари, резервоари, септички јами и слично, подигање електрични далноводи во заштитниот појас покрај железничката пруга, но не поблиску од 25,0 метри сметајќи од оската на крајните колосеци.
- Во пружниот и заштитен појас и на објектите на железничката инфраструктура можат да се поставуваат натписи и рекламнни паноа на оддалеченост од најмалку 7,0 метри од крајната точка на пружниот појас, со претходно одобрение од управителот на инфраструктурата.

8. Со ГУП се овозможува проширување на железничката мрежа во работните зони каде за тоа има услови, со цел што поголем број локации за разни видови работни активности да бидат директно поврзани со железница. Правно или физичко лице може да има индустриски колосек, приклучен на железничката инфраструктура, како и индустриски колосеци, постројки, уреди и објекти на тие колосеци, железнички возни средства и други средства изградени по посебни нормативи и стандарди. Приклучувањето на индрустриската железница и индрустриски колосеци се уредува со договор меѓу управителот на инфраструктурата и претпријатието, правното или физичкото лице чија што индрустриска железница, односно индустриски колосек е приклучен.

9. Определување на простори за паркирање и запирање на возила се врши со проекти за сообраќај во постапка утврдена со закон, според критериумите дефинирани со планерските карактеристики и проектните услови и елементи на уличната мрежа, како и според стандардите и нормативите од областа на сообраќајот.

10. Локациите на нови бензински пумни станици да се дефинираат при изработка на ДУП при што треба да се запазат сите пропишани стандарди (сообраќајни, безбедносни, еколошки и планерски) за поставање на ваков вид објекти, согласно законската регулатива (Законски и подзаконски акти од областа на уредување на просторот, безбеност на сообраќајот, заштита на животната околина, ППЗ и други релевантни прописи).

11. Во подрачјето на Градот, утврдувањето на патишта и улици на кои се забранува сообраќајот за сите или за одделни видови возила, се врши со сообраќајни проекти за утврдување на условите и режимот на сообраќајот, во постапка утврдена со закон, а во согласност со планерските критериуми и проектните услови и елементи за градски улични мрежи.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

12. Начинот на вкрстосување на улиците од примарната сообраќајна мрежа во градот Прилеп е дефиниран според утврдената категоризација, како и усвоените функционални нивоа. Сите вкрстосувања на примарната со секундарната улична мрежа се решени во ниво, со поставен сообраќаен знак за дефинирана предност на улиците, а по потреба и со светлосна – семафорска сигнализација.

13. Крстосниците во и надвор од ниво, како и врските меѓу магистралните и сервисните улици прецизно се дефинираат во идејните и главните проекти за реализација на поедини сообраќајници.

14. Вкупниот попречен профил на сообраќајниците од примарната улична мрежа ќе може да се намалува само во димензиите на тротоарите на места каде постојни објекти навлегуваат во регулацијата, но не повеќе од минимално утврдените димензии на тротоарите согласно член 68, став 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (СВ на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14). Конкретизацијата на утврдениот попречен профил на сообраќајниците од примарната улична мрежа ќе се изврши со изработка на Урбанистички планови за четврт и Деталните урбанистички планови.

15. Етапност во реализацијата на примарната сообраќајна мрежа според Генералниот урбанистички план на Град Прилеп треба да се примени особено во коридорите на магистралните улици за експлоатациони брзини поголеми од 60 км/час.

16. Етапност во реализацијата на примарната сообраќајна мрежа може да има и при изградба на булеварите, при што како прва фаза може да се изгради и да се стави во функција како заокружена сообраќајно-технолошка целина само едниот коловоз од булеварот.

3.1.9.3. Услови за движење на лица со инвалидитет

Јавните пешачки површини, улиците, пристапите до јавните објекти, објектите за повеќесемејно домување, објектите во кои се вработени инвадилизираните лица, хоризонталните и вертикалните комуникации и слично, треба да бидат планирани во плановите од пониско ниво и изведени на начин кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или количка, инвалидски автомобил и други помагала (звучни сигнали за лицата со оштетен вид, светлосни сигнали за лицата со оштетен слух и сл.) непречено одвивање на секојдневните активности, се според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 63/12,126/12, 19/13, 95/13 и 37/14 и 125/14), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

3.1.9.4. Основни параметри за уредување на просторот во делот на заштита на културното наследство

1. При изработка на планска документација од пониско ниво, потребно е да се утврди точната позиција на утврдениот **локалитет со културно наследство** дефиниран во заштитно конзерваторските основи и ГУП Прилеп. Доколку се утврди дека планираните содржини се во зоната на локалитетот со културно наследство, потребно е да се применат плански мерки за заштита на недвижното културно наследство и изработка на Заштитно-конзерваторски основи.

2. Режим на заштита од прв степен

Со оглед на предложената категорија на спомениците и елементите и карактеристиките кои ги поседува, споменичките комплекси и основните културни добра со статус на културно наследство од **особено значење,** се определува зона на **строга заштита** во согласност со одредената категорија - големо значење и подлежи на режим на заштита од **прв степен,** што подразбира строга заштита во согласност со одредената категорија и подлежи на чување, одржување, негување и користење на добрата согласно со нивната намена како и конзервација или слични зафати на непосредна заштита врз основа на изработени конзерваторски проекти и обезбедено конзерваторско одобрение од надлежната институција - Управата за заштита на културното наследство.

3. Во контактната зона се одредува **ограничена заштита** - гарантирана заштита кој подразбира режим на заштита од **трет степен** што значи задржување на постојната состојба или ограничување на изградба во поглед на габарит и височина и дополнување на просторот спротивно на деталните урбанистички планови.

4. Контактна зона на „Стара Чаршија” - „Мала Чаршија”

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

Во контактната зона се одредува **ограничена заштита** - гарантирана заштита која подразбира режим на заштита од **трет степен** што значи задржување на постојната состојба или ограничување на изградба во поглед на габарит и височина и дополнување на просторот спротивно на деталните урбанистички планови. Височината на предвидените објекти во урбанистичките планови се ограничува на **П + 1 кат.**

Дејствијата што може да предизвикаат промени на заштитеното добро или да го нарушат или девалвираат интегритетот на доброто да се усогласат со законската регулатива за заштита на културното наследство. Заштитеното добро да биде вградено во сите идни ГУП и ДУП на Прилеп со пропишан режим на заштита.

5. Режим на заштита од втор степен

За предложената категорија на споменици кои се наоѓаат во споменички комплекси, контактни зони или како основни културни добра надвор од границите на целините како **значајно културно наследство** и елементите и карактеристиките кои ги поседува, се предлага режим на заштита од **втор степен** што подразбира зачувување на изворната состојба, екстериерот и архитектонскиот израз во согласност со одредената категорија и подлежи на чување и одржување на добрата согласно пропишаната законска регулатива

Не се дозволува вградување и замена на градежните елементи и материјали кои не соодејствуваат со карактеристиките на доброто, неговиот архитектонски израз, спецификите и времето на настанување.

Можност за адаптација на ентериерот за потребите на современото живеење, можност за ревитализација и уредување на парцелата која му припаѓа.

3.1.9.5. Основни параметри за уредување на просторот во делот на заштита на човековата околина

(Стратешка оцена за влијанието врз животната средина)

Заклучоци и препораки кои беа дефинирани при изработката на извештајот за стратешка оцена на животната средина за реализација на Генералниот урбанистички план на Општина Прилеп, се следните:

1. Изготвениот Генерален урбанистички план е основа за изработка на плановите од понизок степен – Урбанистички планови за четврт и детални урбанистички планови за блоковите на градот Прилеп. Тој ги определува границите на урбаните четврти и блокови главно по оските на сообраќајниците, природните граници и водотеците.

2. Мерки за заштита на животната средина кои се специфични за секоја од урбаните единици треба да бидат поединечно утврдени со самата изработка на Урб. планови за четврт и Деталните урбанистички планови.

3. Примена на насоките и елементите за изработка на просторни и урбанистички планови од аспект на заштита на животната средина и примена на мерките и активностите за рационално користење и заштита на просторот, дефинирани во предлог Генералниот урбанистички план.

4. Спроведување на Планот за мониторинг, со кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија.

5. Спроведување на мерките за заштита и спасување, дефинирани во планската документација.

6. Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на стручна расправа.

Реализирањето на Генералниот урбанистички план на Општина Прилеп има позитивни влијанија врз социо-економската состојба, кои ќе се манифестираат преку создавање на работни места, намалување на миграцијата и подобрување на локалната економија. Во анализираниот случај, состојбата без имплементација на планскиот документ е оценета како непогодно решение за одржливиот развој на Општина Прилеп.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

3.1.10. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање чиишто граници се утврдени со планот: планскиот опфат на деталниот урбанистички план, урбаните четврти и блокови.

ЧЕТВРТ 1

- Вкупната површина на Четврт 1 изнесува 121,75 хектари.
- Четврт 1 се состои од следниве блокови: 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, и 1.7.
- Блоковите претставуваат граници на урбани подрачја за детално планирање и се дефинирани со осовини на сообраќајници од примарната улична мрежа, осовини на постојни сообраќајници од секундарната улична мрежа, речни корита или граница на плански опфат.
- Урбанистичките планови да бидат изработени согласно член 15-а од Законот за Просторно и Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).
- Компатибилни класи на намени може да се планираат при изработка на УП за Четврт и ДУП. Под нив се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминува максимално дозволениот процент на учество даден во табела 2 која е составен дел на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/10, 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14).
- Граница на ДУП може да биде еден или повеќе блокови во конкретната четврт.
- Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/10, 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14).
- Паркирање: Паркирањето – гаражирањето да се предвиди во согласност со членови 55-62 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/10, 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14)
- Зеленило: Процентот на озеленетост во Четврт 1 треба да изнесува најмалку 10%.

ЧЕТВРТ 1 - БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД НАМЕНАТА НА ПОВРШИНИТЕ

Класа на намена	Површина (ха)	Проц. учество во однос на површината на ЧЕТВРТ 1
А- Домување (група на намени)	3,22	2,64%
А2 - Домување во станбени згради	7,19	5,91%
Б - Ком. и деловни намени (група)	0,68	0,56%
В1 - Образование и наука	0,90	0,74%
В2 - Здравство и соц. заштита	0,55	0,45%
Г - Производство, дистр. и сервиси	95,11	78,12%
Д2 - Заштитно зеленило	3,89	3,20%
Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајници	9,45	7,76%
Е1 - Комунална инфраструктура - речни корита	0,49	0,40%
Е2 - Комунална супраструктура	0,27	0,22%
ВКУПНО	**121,75**	**100,00%**

ПОДЕЛБА НА ЧЕТВРТТА НА БЛОКОВИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

Четврт	Блок	Површина (ха)
1	**1.1**	3,51
	1.2	32,10
	1.3	36,79
	1.4	10,19
	1.5	10,86
	1.6	8,43
	1.7	19,87
	Вкупно	**121,75**

Блок 1.1

- Површината на блокот изнесува 3,51 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со границата на планскиот опфат од североисточната, северозападната и југозападната страна и осовината на коритото на река Тополка од југоисток.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

ЧЕТВРТ 3

- Вкупната површина на Четврт 3 изнесува 134,73 хектари.
- Четврт 3 се состои од следниве блокови: 3.1, 3.2, 3.3, 3.4, 3.5, 3.6, 3.7, 3.8, 3.9, 3.10, 3.11, 3.12 и 3.13.
- Блоковите претставуваат граници на урбани подрачја за детално планирање и се дефинирани со осовини на сообраќајници од примарната улична мрежа, осовини на постојни сообраќајници од секундарната улична мрежа, речни корита или граница на плански опфат.
- Урбанистичките планови да бидат изработени согласно член 15-а од Законот за Просторно и Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).
- Компатибилни класи на намени може да се планираат при изработка на УП за Четврт и ДУП. Под нив се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминува максимално дозволениот процент на учество даден во табела 2 која е составен дел на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/10, 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14).
- Граница на ДУП може да биде еден или повеќе блокови во конкретната четврт.
- Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/10, 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14).
- Паркирање: Паркирањето – гаражирањето да се предвиди во согласност со членови 55-62 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/10, 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14)
- Зеленило: Процентот на озеленетост во Четврт 3 треба да изнесува најмалку 10%.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

ЧЕТВРТ 3 - БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД НАМЕНАТА НА ПОВРШИНИТЕ

Класа на намена	Површина (ха)	Проц. учество во однос на површината на ЧЕТВРТ 3
А- Домување (група на намени)	87,10	64,65%
А2 - Домување во станбени згради	5,55	4,12%
Б - Ком. и деловни намени (група)	3,45	2,56%
Б1 - Мали ком. и деловни намени	0,89	0,66%
Б5 - Хотелски комплекси	0,17	0,13%
Б6 - Градби за собири	0,56	0,42%
В1 - Образование и наука	3,46	2,57%
В2 - Здравство и социјална заштита	0,78	0,58%
В3 - Култура	0,75	0,56%
В4 - Државни институции	0,67	0,50%
В5 - Верски институции	0,63	0,47%
Г - Производство, дистр. и сервиси (група на намени)	6,45	4,79%
Г2 - Лесна и незагад. индустрија	6,98	5,18%
Д1 - Парковско зеленило	2,87	2,13%
Д2 - Заштитно зеленило	1,03	0,76%
Е1- Комунална инфраструктура-сообраќајници	12,79	9,49%
Е2 - Комунална супраструктура	0,60	0,45%
ВКУПНО	**134,73**	**100,00%**

ПОДЕЛБА НА ЧЕТВРТТА НА БЛОКОВИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

Четврт	Блок	Површина (ха)
3	**3.1**	43,82
	3.2	4,81
	3.3	9,71
	3.4	9,66
	3.5	24,66
	3.6	2,71
	3.7	4,16
	3.8	2,56
	3.9	3,38
	3.10	3,78
	3.11	7,21
	3.12	11,08
	3.13	7,19
	Вкупно	**134,73**

Блок 3.1

- Површината на блокот изнесува 43,82 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на собирната улица С2 „Гоце Делчев“ од југозапад и југ, собирната улица С12 „Новопланирана 1“ од северозападната страна, собирната улица С3 „ Самоилова“ од североисточната страна на блокот и осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср 9 „Браќа Миладиновци“ и сервисната улица Ср5 „Браќа Миладиновци од источната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
  - Б – Комерцијални и деловни намени (група на класи на намена)
  - В1 – Образование и наука
  - Г – Производство, дистрибуција и сервиси (група на класи на намена)
  - Д2 - Заштитно зеленило
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- Во рамките на групата на класи на намена Б – Комерцијални и деловни намени, се предвидуваат основни класи на намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени и Б2 – Големи трговски единици.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 25% за Б1 и 75% за Б2.
- Во рамките на групата на класи на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси, се предвидуваат основни класи на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, Г3 – Сервиси и Г4 – Стоваришта.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 40% за Г2, 40% за Г3 и 20% за Г4.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.

- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 10%.

Блок 3.2
- Површината на блокот изнесува 4,81 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на собирната улица С3 „ Самоилова“ од северната страна на блокот и осовината на улицата од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср 9 „Браќа Миладиновци“ од западната и јужната страна и сервисната улица Ср 5 „Браќа Миладиновци“ од источната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А2 – Домување во станбени згради
  - Д1 - Парковско зеленило
- При изработка на планови од пониско ниво да се планира максимална густина на домување до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 10%.

Блок 3.3
- Површината на блокот изнесува 9,71 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на собирната улица С3 „Самоилова“ од северната страна на блокот и осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср5 „Браќа Миладиновци“ од западната, сервисната улица Ср 9 „Ладо Лапецо“ од јужната и сервисната улица Ср 9 „Новопланирана 301“ од источната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
  - А2 – Домување во станбени згради
  - Б1 – Мали комерцијални и деловни намени
  - В2 – Здравство и социјална заштита
  - В5 – Верски институции
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 10%.

Блок 3.4
- Површината на блокот изнесува 9,66 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на собирната улица С2 „Гоце Делчев“ од јужната страна на блокот и осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср5 „Браќа Миладиновци“ од западната, сервисната улица Ср 9 „Ладо Лапецот“ од северната и сервисната улица Ср5 „Егејска“ од југоисточната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
  - В2 – Здравство и социјална заштита
  - В4 – Државни институции
  - Е2 – Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица)
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 3.5
- Површината на блокот изнесува 24,66 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на собирната улица С3 „Самоилова“ од северозапад и собирната улица С11 „Прилепски Бранители“ од североисточната страна на блокот и осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср 9 „Новопланирана 301“ од западната, сервисната улица Ср 9 „Ладо Лапецот“ од југозападната и сервисните улици Ср5 „Егејска“ и Ср4 „Егејска“ од југоисточната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
  - Б6 – Градби за собири
  - В2 – Здравство и социјална заштита
  - В4 – Државни институции
  - Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија
  - Д2 - Заштитно зеленило
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 3.6
- Површината на блокот изнесува 2,71 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср7 „Арх.Доситеј“ од јужната, сервисната улица Ср 9 „Ристо Секирчанец“ од североисточната и сервисната улица Ср5 „Егејска“ од северозападната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
  - Б5 – Хотелски комплекси
  - Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

Блок 3.7
- Површината на блокот изнесува 4,16 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовината на собирната улица С2 „Гоце Делчев“ од јужната страна на блокот и со осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср7 „Арх.Доситеј“ од северната и западната и сервисната улица Ср 9 „Ристо Секирчанец“ од североисточната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 3.8
- Површината на блокот изнесува 2,56 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср7 „Арх.Доситеј“ од југоисток, сервисната улица Ср 9 „Димо Наредникот“ од североисточната, сервисната улица Ср 9 „Ристо Секирчанец“ од југозапад и сервисната улица Ср5 „Егејска“ од северозападната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
  - В4 – Државни институции
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 3.9
- Површината на блокот изнесува 3,38 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовината на собирната улица С2 „Гоце Делчев“ од јужната страна на блокот и со осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср7 „Арх.Доситеј“ од северозападната, сервисната улица Ср 9 „Ристо Секирчанец“ од југозападната и сервисната улица Ср7 „Димо Наредникот“ од североисточната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 3.10
- Површината на блокот изнесува 3,78 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср 9 „Арх.Доситеј“ од југоисток, сервисната улица Ср 9 „Димо Наредникот“ од југозападната, сервисната улица Ср10 „Кузман Јосифоски“ од североисточната и сервисната улица Ср7 „Егејска“ од северозападната страна на блокот.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 3.11
- Површината на блокот изнесува 7,21 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовината на собирната улица С1 „Гоце Делчев“ од југоисточната страна на блокот и со осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср 9 „Арх.Доситеј“ од северозападната, сервисната улица Ср10 „Кузман Јосифоски“ од североисточната и сервисната улица Ср7 Димо Наредникот“ од југозападната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
  - А2 – Домување во станбени згради
  - В1 – Образование и наука
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 60% за А1 и 35% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 3.12
- Површината на блокот изнесува 11,08 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовината на собирната улица С14 „Прилепски Бранители“ од североисточната страна на блокот и со осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср 9 „Арх.Доситеј“ од јужната, сервисната улица Ср10 „Кузман Јосифоски“ од југозападната и сервисната улица Ср4 „Егејска“ од северозападната страна.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 70% за А1 и 25% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 3.13
- Површината на блокот изнесува 7,19 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на собирната улица С1 „Гоце Делчев“ од југоисточната и собирната улица С11 „Прилепски Бранители“ од североисточната страна на блокот и со осовините на улиците од секундарната улична мрежа сервисната улица Ср 9 „Арх.Доситеј“ од северната и сервисната улица Ср10 „Кузман Јосифоски“ од југозападната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - А – Домување (група на класи на намена)
  - А2 - Домување во станбени згради
  - Б – Комерцијални и деловни намени (група на класи на намена)
  - В3 – Култура
  - В4 – Државни институции
  - В5 – Верски институции
  - Д1 – Парковско зеленило
  - Е2 - Комунална супраструктура
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 60% за А1 и 35% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- Во рамките на групата на класи на намена Б – Комерцијални и деловни намени, се предвидуваат основни класи на намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Б2 – Големи трговски единици и Б5 – Хотелски комплекси.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 50% за Б1 и 25% за Б2 и 25% за Б5.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 10%.
- Вградување соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство при изработка на план од пониско ниво, се врши според заштитно-конзерваторските основи (Согласно чл. 65 и 71 од Законот за заштита на културно наследство Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13 и 44/14 и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство Сл. весник на РМ бр. 111/05).

ЧЕТВРТ 4

- Вкупната површина на Четврт 4 изнесува 123,97 хектари.
- Четврт 4 се состои од следниве блокови: 4.1, 4.2 и 4.3.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

- Е3 – Некомпатибилна инфраструктура
- Во рамките на групата на класи на намена А – Домување, се предвидуваат основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради и А4 - Времено сместување.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1 и 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Блок 12.10
- Површината на блокот изнесува 5,56 хектари.
- Границата на блокот е дефинирана со осовините на магистралната улица М2 „Александар Македонски“ и собирната улица С5 „Александар Македонски“ од северозападната, магистралниот пат А1 Прилеп - Градско од југоисточната страна на блокот и границата на регулираниот водотек од јужната страна.
- Класи на намени застапени во блокот:
  - Г – Производство, дистрибуција и сервиси (група на класи на намена)
  - Д2 - Заштитно зеленило
  - Е2 – Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица)
- Во рамките на групата на класи на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси, се предвидуваат основни класи на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, Г3 – Сервиси и Г4 – Стоваришта.
- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 40% за Г2, 40% за Г3 и 20% за Г4.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот. треба да изнесува најмалку 5%.

3.1.10.1. Посебни услови за градба од доменот на електро-снабдувањето, јавното осветлување и електронски комуникации

Локациските услови за изградба на електричната дистрибутивна мрежа и соодветно градбите (трафостаниците) да се издадат врз основа на Проект за линиска инфраструктурна градба за истата.

Секоја градба, или комплекс од градби, да се поврзе со електричната мрежа, односно дистрибутивните трафостаници на начин утврден со посебен Проект за линиска инфраструктурна градба за конкретен корисник.

Објектите да се приклучат во електронско-комуникациската мрежа на начин утврден со посебен Проект за конкретен корисник. Во секој блок, да се предвиди површина од 1,5 м2 за сместување на приклучен телефонски орман.

При изборот на улични канделабри да се изврши нивна типизација со применет современ дизајн, односно во склад со High-Tech архитектурата, која се очекува да се примени во просторот.

Локациските услови за изградба на јавното осветлување да се издадат врз основа на Проект за линиска инфраструктурна градба за истото.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

3.2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

3.2.1. Нумерички показатели – поделба по урбани единици и блокови

ПОДЕЛБА НА ГУП по ЧЕТВРТИ

број на Четврт	Површина на Четврт (ха)	Проц. учество (%)
1	121,75	6,31%
2	366,80	19,02%
3	134,73	6,99%
4	123,97	6,43%
5	190,65	9,88%
6	60,22	3,12%
7	59,50	3,08%
8	98,77	5,12%
9	120,74	6,26%
10	317,43	16,46%
11	95,69	4,96%
12	238,55	12,37%
Вкупно:	1928,80	100,00%

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail: jpzapup@yahoo.com

3.2.2. Билансни показатели – споредбено Документациона основа – Планска документација

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД НАМЕНАТА НА ПОВРШИНИТЕ

Група на класи на намени	Поединечни класи на намена	Површина (ха)	Проц.учество во рамки на групата на класа на намена	Проц. учество во однос на површината на планскиот опфат
А ДОМУВАЊЕ	А0 - Домување со посебен режим	0,00	0,00%	0,00%
	А1 - Домување во станбени куќи	685,39	95,41%	35,53%
	А2 - Домување во станбени згради	31,09	4,33%	1,61%
	А3 - Групно домување	1,91	0,27%	0,10%
	А4 - Времено сместување	0,00	0,00%	0,00%
	ВКУПНО (А)	**718,39**	**100,00%**	**37,25%**
Истиот ќе се работи согласно законската регулатива и тоа:

Закон за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), Правилник за урбанистичко планирање (Сл.В на РСМ бр.225/20 и 219/21).

Површината на планскиот опфат за Четврт 3, Блок 3.12 изнесува 110766,3м^2, односно 11,08 ха, сметано по границите: Северо-западната граница се движи по должина на осовината на сервисната улица, ул. “Егејска” со ознака Ср4 во должина од 339,36м', врти кон југоисток каде оди по осовината на собирната улица "Марксова" (Прилепски бранители), со ознака С14 во должина од 349,84м', формирајќи ја североисточната граница, потоа врти во јужен правец по осовината на сервисната улица "Мице Козар", со ознака Ср9, во должина од 77,04м’, формирајќи ја источната граница, потоа врти во западен правец по осовината на сервисната улица “Ленин” (Архиепископ Доситеј) со ознака Ср9, во должина од 289,29м’, формирајќи ја јужната граница, потоа врти во северозападен правец по осовината на сервисната улица "Кузман Јосифоски", со ознака Ср10, во должина од 281,66м’, формирајќи ја југозападната граница на опфатот, се до накрсната точка со улица “Егејска”, која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со периметар од 1339,77м’, со површина на планскиот опфат од 110766,3м^2, односно 11,08ха.

3.1.2. Географска и геодетска местоположба

Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина во интервал од 651.01 до 658.28м. Според состојбата на терен локацијата која е предмет на изработка на детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.12, се наоѓа североисточно од централното градско подрачје, КО Прилеп, Општина Прилеп. Планскиот опфат кој е предмет на изработка на деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

Северо-западната граница се движи по должина на осовината на сервисната улица, ул. “Егејска” со ознака Ср4 во должина од 339,36м', врти кон југоисток каде оди по осовината на собирната улица "Марксова" (Прилепски бранители), со ознака С14 во должина од 349,84м', формирајќи ја североисточната граница, потоа врти во јужен правец по осовината на сервисната улица "Мице Козар", со ознака Ср9, во должина од 77,04м’, формирајќи ја источната граница, потоа врти во западен правец по осовината на сервисната улица “Ленин” (Архиепископ Доситеј) со ознака Ср9, во должина од 289,29м’, формирајќи ја јужната граница, потоа врти во северозападен правец по осовината на сервисната улица "Кузман Јосифоски", со ознака Ср10, во должина од 281,66м’, формирајќи ја југозападната граница на опфатот, се до накрсната точка со улица “Егејска”, која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

полигон со периметар од 1339,77м', со површина на планскиот опфат од 110766,3м^2, односно 11,08ха.
Во рамките на планскиот опфат најзастапена е група на класа на намена А - домување, во која најголем дел е со основна класа на намена А1 – куќи за домување и мал дел е основна класа на намена А2 – згради за домување, потоа група на класа на намена Б - деловни згради.

3.1.3. Текстуални одредби на план од повисоко ниво
За истиот покрај графичките прилози постои текстуален дел - плански одредби групирани како општи и посебни одредби кои исто така ќе бидат вградени во Планската документација на ДУП.
За предметниот плански опфат претходно е изработена планска документација од типот на детален урбанистички план, но приоритет секако ќе имаат одредбите од важечкиот измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Прилеп (2013-2023), донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015год.

3.1.4. Планска програма
Изработката на ДУП за дадениот плански опфат е согласно годишната програма за донесување на урбанистички планови на територија на Општина Прилеп за 2021 година со бр.09-3157/16 од 25.12.2020 год. и одобрена Планска програма со Решение бр.10-2084/4 од 12.11.2021 год. Пристапено е кон изготвување на Планска документација ДУП за четврт 3, блок 3.12, Општина Прилеп, плански период 2021 – 2026 год.
Планската документација, ДУП за четврт 3, блок 3.12, КО Прилеп, Општина Прилеп, ќе се работи во две фази – нацрт план и предлог план, согласно член 21, став (1) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), со цел да се направи конкретна анализа на просторот во Документациона Основа и да се даде развојна компонента во Планска Документација.
ДУП има перспективен развој од 5 год, односно ќе ги детерминира насоките од 2021 – 2026 год.
Истиот ќе се работи согласно законската регулатива и тоа:
Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20) и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.219/21).

Од тоа произлегува следното:
- Секоја градежна парцела има ознака за намена на класа и реден број и истото не смее да се промени.
- Планираните сообраќајници да се реализираат согласно планот.
- Максималната висина на градбите ќе се дефинира како вертикално растојание меѓу тротоарот од улицата пред градежната парцела и завршниот венец на градбата, во должни метри, од лицето на градежната парцела.
- Висинската кота на тротоарот треба да биде во согласност со нивелманскиот план.
- Максималната висина се надополнува со број на спратови.
- Паркирањето, односно гаражирањето треба да биде соодветно решено.

3.1.5. Опис и образложение на планскиот концепт
За организација на просторот се користени податоците од анализите на постојната состојба и податоците од важечкиот измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Прилеп (2013-2023), донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015 год.
Површината на планскиот опфат изнесува околу 110766,3м^2, односно 1.08ха.
Планскиот опфат кој е предмет на изработка на детален урбанистички план за Четврт 3, Блок 3.12, е дефиниран со следните граници:
Северо-западната граница се движи по должина на осовината на сервисната улица, ул. "Егејска" со ознака Ср4 во должина од 339,36м', врти кон југоисток каде оди по

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

осовината на собирната улица "Марксова" (Прилепски бранители), со ознака С14 во должина од 349,84м', формирајќи ја североисточната граница, потоа врти во јужен правец по осовината на сервисната улица "Мице Козар", со ознака Ср9, во должина од 77,04м', формирајќи ја источната граница, потоа врти во западен правец по осовината на сервисната улица "Ленин" (Архиепископ Доситеј) со ознака Ср9, во должина од 289,29м', формирајќи ја јужната граница, потоа врти во северозападен правец по осовината на сервисната улица "Кузман Јосифоски", со ознака Ср10, во должина од 281,66м', формирајќи ја југозападната граница на опфатот, се до накрсната точка со улица "Егејска", која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со периметар од 1339,77м', со површина на планскиот опфат од 110766,3м^2, односно 11,08ха.

Во рамките на планскиот опфат најзастапена е група на класа на намена А - домување, во која најголем дел е со основна класа на намена А1 – куќи за домување и мал дел е основна класа на намена А2 – згради за домување, потоа група на класа на намена Б - деловни згради.

Намената на земјиштето се уредува на ниво на градежни парцели во согласност со ГУП и претходно споменатата законската регулатива.

Согласно Изводот од измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Прилеп (2013-2023) со бр.25-2888/5 од 28.12.2015год., издаден од Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Прилеп, се гледа дека во опфатот има една наменска зона и тоа: група на класа на намена А - домување.

Исто така се земаат во предвид и улиците од примарната улична мрежа кои со ГУП за Град Прилеп се дефинирани и чии профили треба да се преземат и да се вклопат во планот.

Од важечкиот ГУП преземена е следната сообраќајна мрежа: сервисната улица, ул."Егејска" со ознака Ср4 во должина од 339,36м', собирната улица "Марксова" (Прилепски Бранители) со ознака С14 во должина од 349,84м', сервисната улица "Мице Козар", со ознака Ср9, во должина од 77,04м', сервисната улица "Ленин" (Архиепископ Доситеј) со ознака Ср9, во должина од 289,29м' и сервисната улица "Кузман Јосифоски", со ознака Ср10, во должина од 281,66м'.

3.1.5.1. Систем на групи на класи на намена

Во опфатот согласно изводот од ГУП за град Прилеп се регистрирани следните групи на класи на намена:

А - Домување

3.1.5.2. Класа на намени

Површината на планскиот опфат изнесува 110766.3м^2, односно 11,08ха.

Во планскиот опфат се јавуваат следните класи на намени на земјиштето:

А – Домување (група на класи на намени)
А1.1 – куќи со двор,
А1.2 – семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи,
А1.3 – семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни,
А2.1 – слободностоечки згради со двор,
А2.2 – згради за домување во низа
Б – деловни згради
Б1.1 – мали објекти за трговија со специјализирана роба,
Б1.4 – мали објекти за трговија со мешана стока,
Б1.7 – слаткарници, патисерии, продавници за бели печива, мали пекари и фурни,
Е1.8 - Комунална супраструктура (трафостаници до 20кв).

- Во опфатот со градежни парцели е зафатена површина од 84679м^2 или 8.47ха.
- Вкупната површина за градење изнесува 36265м^2 или 3.63ха.
- Вкупната бруто развиена површина се предвидува 121671м^2 или 12.17ха.
- Процентот на изграденост на ниво на плански опфат изнесува 42.83%

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

- Коефициентот на искористеност на ниво на плански опфат изнесува 1.44
Со планското решение се предвидува зголемување на површината за градба и максималната височина на градбите во градежните парцели. Со решението ќе се зголеми вредноста на објектите со можноста за нови градби, односно идни надградби или доградби на постојните објекти, со што ќе се зголеми и квалитетот на живеењето.
Исто така со предвидувањето на градежни парцели од класата на намена А2 се создаваат услови за изградба на нови станови, нешто што моментално му недостасува на градот и потребите на граѓаните. Додека на парцелите кои се со намена А1 им се даваат максимални услови за градење согласно правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, а во дел од планскиот опфат и преземање на условите за планирање утврдени со ДУП за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат А, донесен со одлука бр.07-1915/13 од 27.07.2012, како и ДУП за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат Б, донесен со одлука бр.07-2406/21 од 31.10.2014 год.
Се оформуваат нови градежни парцели со намена Е1.8 – трансформаторски станици, а се задржува и постојната ТС.
Со реализацијата на овој план јасно е дека Локалната Самоуправа ќе има значаен прилив на средства од надоместот за комуналии. Со изградените нови станбени единици и предвидените услови за доградба и надградба на постојните објекти како и планирање на нови, ќе се задоволат дел од потребите на граѓаните за квалитетен живот.
Во однос на инфраструктурата од документационата основа се гледа дека планскиот опфат е добро покриен со истата. Потребно е нејзино дополнување во смисла на проширување на сообраќајните коридори со строго почитување на зададените напречни профили според ГУП и тековните законски и подзаконски нормативи. Во однос на бодоводната мрежа потребна е нејзина реконструкција со замена на постојните АЦЦ (азбестно цементни) цевки со ПЕ и ПП (полиетиленски и полипропиленски цевки) цевки. Исто така дополнување е потребно и во областа на канализацијата, електриката и телефонијата, но сепак со почитување на постојната изградена инфраструктура, со што реализацијата на планското решение за овој плански опфат ќе има економско оправдување. Реализацијата на планот е во зависност од постапката на соодветните структури во Локалната самоуправа на Општина Прилеп како спроведувач на Планот.

3.1.5.2.1. Класа на намена А1 – куќи за домување
- Бројот на градежните парцели наменети за куќи за домување е 285, кои се поделени на три типови согласно табелата за класификација на градби и намени која е прилог на правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20 и 219/21) и тоа:
1. А1.1 – куќи со двор, намена дадена за 126 градежни парцели, од кои кај 36 градежни парцели е задржана постојна состојба, а кај 90 градежни парцели е планиран иден развој.
- Вкупната површина под градежни парцели за А1.1 е 40101м^2 или 4.01ха (47.36% од вкупната површина под ГП во планскиот опфат).
- Површина за градба има 15121м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 46995м^2.
- Максимална висина на објектите до кота на венец е дадена согласно правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20 и 219/21), а во дел од опфатот е превземена планската одредба за максимална висина од ДУП за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат А, донесен со одлука бр.07-1915/13 од 27.07.2012 и ДУП за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат Б, донесен со одлука бр.07-2406/21 од 31.10.2014 год..
- Во секоја градежна парцела се планира по еден објект.

2. А1.2 – семејни куќи со споен ѕид на меѓа - двокуќи, намена дадена за 139 градежни парцели, од кои кај 41 градежни парцели е задржана постојна состојба, а кај 98 градежни парцели е планиран иден развој.
- Вкупната површина под градежни парцели за А1.2 е 32333м^2 или 3.23ха (38.18% од вкупната површина под ГП во планскиот опфат).

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

- Површина за градба има 14451м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 46017м^2.
- Максимална висина на објектите до кота на венец е дадена согласно правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20 и 219/21), а во дел од опфатот е превземена планската одредба за максимална висина од ДУП за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат А, донесен со одлука бр.07-1915/13 од 27.07.2012 и ДУП за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат Б, донесен со одлука бр.07-2406/21 од 31.10.2014 год..
- Во секоја градежна парцела се планира по еден објект.

3. А1.3 – семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни, намена дадена за 20 градежни парцели, од кои кај 7 градежни парцели е задржана постојна состојба, а кај 13 градежни парцели е планиран иден развој.
- Вкупната површина под градежни парцели за А1.3 е 4685м^2 или 0.47ха (5.53% од вкупната површина под ГП во планскиот опфат).
- Површина за градба има 2312м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 6750м^2.
- Максимална висина на објектите до кота на венец е дадена согласно правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20 и 219/21), а во дел од опфатот е превземена планската одредба за максимална висина од ДУП за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат А, донесен со одлука бр.07-1915/13 од 27.07.2012 и ДУП за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат Б, донесен со одлука бр.07-2406/21 од 31.10.2014 год..
- Во секоја градежна парцела се планира по еден објект.

3.1.5.2.2. Класа на намена А2 – згради за домување
- Бројот на градежните парцели наменети за згради за домување е 7, кои се поделени на два типа согласно табелата за класификација на градби и намени која е прилог на правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20 и 219/21) и тоа:
1. А2.1 – слободностоечки згради со двор, намена дадена за 3 градежни парцели, од кои кај 1 градежна парцела е задржана постојна состојба, а кај 2 градежни парцели е планиран иден развој.
- Вкупната површина под градежни парцели е 4926м^2 или 0.49ха (5.82% од вкупната површина со ГП во планскиот опфат).
- Површина за градба има 2614м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 14658м^2.
- Максимална висина на објектите до кота на венец изнесува 19.5м или катност П+5.
- Во секоја градежна парцела се планира по еден објект.

2. А2.2 – згради за домување со споен ѕид и згради за домување во низа, намена дадена за 4 градежни парцели, од кои кај 1 градежна парцела е задржана постојна состојба, а кај 3 градежни парцели е планиран иден развој.
- Вкупната површина под градежни парцели е 1811м^2 или 0.18ха (2.14% од вкупната површина со ГП во планскиот опфат).
- Површина за градба има 969м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 5528м^2.
- Максимална висина на објектите до кота на венец изнесува од 19.5м до 21.5м или катност П+5, односно П+6..
- Во секоја градежна парцела се планира по еден објект.

3.1.5.2.3. Класа на намена Б – деловни згради
Согласно член 82, став (3) од правилникот за урбанистичко планирање е таксативно наведена алтернативна класа на намена.
- Бројот на градежните парцели наменети за деловни згради е 11, кои се поделени на три типа согласно табелата за класификација на градби и намени која е прилог на правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20 и 219/21) и тоа:

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

1. Б1.1 – дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство, намена дадена за 2 градежни парцели со планиран иден развој. Дозволениот максимален процент на учество во однос на групата на класа на намена А утврдена во блокот е 30%, а во конкретниов случај процентот на учество е 0.16%, што е незначително во однос на максимално дозволениот процент на учество од површината на наменската зона и не влијае на карактерот на зоната.
- Вкупната површина под градежните парцели со намена Б1.1 е 139м^2 или 0.014ha (0.16% од вкупната површина со ГП во планскиот опфат).
- Површина за градба има 123м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 245м^2.
- Максимална висина на планираните објекти до кота на венец е од 7,0м до 7.2 м, или катност од П+1;
- Во секоја градежна парцела се планира по еден објект.

2. Б1.4 – мали објекти за трговија со мешана стока, намена дадена за 8 градежни парцели со планиран иден развој. Дозволениот максимален процент на учество во однос на групата на класа на намена А утврдена во блокот е 30%, а во конкретниов случај процентот на учество е 0.57%, што е незначително во однос на максимално дозволениот процент на учество од површината на наменската зона и не влијае на карактерот на зоната.
- Вкупната површина под градежните парцели со намена Б1.4 е 480м^2 или 0.048ha (0.57% од вкупната површина со ГП во планскиот опфат).
- Површина за градба има 411м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 823м^2.
- Максимална висина на планираните објекти до кота на венец е 7.2 м, или катност од П+1;
- Во секоја градежна парцела се планира по еден објект.

3. Б1.7 – мали објекти за трговија со мешана стока, намена дадена за 1 градежна парцела со планиран иден развој. Дозволениот максимален процент на учество во однос на групата на класа на намена А утврдена во блокот е 30%, а во конкретниов случај процентот на учество е 0.14%, што е незначително во однос на максимално дозволениот процент на учество од површината на наменската зона и не влијае на карактерот на зоната.
- Вкупната површина под градежните парцели со намена Б1.7 е 116м^2 или 0.012ha (0.14% од вкупната површина со ГП во планскиот опфат).
- Површина за градба има 103м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 206м^2.
- Максимална висина на планираните објекти до кота на венец е 7.0 м, или катност од П+1;
- Во градежната парцела се планира еден објект.

3.1.5.2.4. Класа на намена Е1.8 – трансформаторски станици
- Бројот на градежните парцели наменети за комунална е 4, од кои една е постојна и три новопланирани..
- Вкупната површина под градежни парцели е 88м^2 или 0.009ха (0.10% од вкупната површина со ГП во планскиот опфат).
- Површина за градба на трафостаници - 55м^2.
- Бруто развиена површина изнесува за трафостаници - 55 м^2.
- Максимална висина за трафостаници е до кота на венец од 3.0 метри и катност П.
- Во градежните парцели се планира по еден објект.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

	број на градби по спратност согласно намената										број на градби по намена	задржана постојна состојба	планиран развој
намена	**П**	**П+Пк**	**П+1**	**П+1+Пк**	**П+2**	**П+2+Пк**	**П+3**	**П+3+Пк**	**П+5**	**П+6**			
А1.1	0	0	10	18	76	20	1	1	0	0	126	36	90
А1.2	0	1	22	38	43	35	0	0	0	0	139	41	98
А1.3	0	0	6	7	0	7	0	0	0	0	20	7	13
А2.1	0	0	0	0	0	0	0	1	2	0	3	1	2
А2.2	0	0	0	0	0	0	0	1	1	2	4	1	3
Б1.1	0	0	2	0	0	0	0	0	0	0	2	0	2
Б1.4	0	0	8	0	0	0	0	0	0	0	8	0	8
Б1.7	0	0	1	0	0	0	0	0	0	0	1	1	0
Е1.8	4	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4	1	3
Вкупно:	**4**	**1**	**49**	**63**	**119**	**62**	**1**	**3**	**3**	**2**	**307**	88	219

3.1.5.3. Густина на населеност

а) Жители (Во секој објект во просек има по две семејства со исклучок на објектите со спратност П, П+Пк и П+1 каде е предвидено по едно семејство и во објектите со спратност П+2+Пк и П+3 каде се предвидени по 3 семејства (приземјата се предвидени за помошни простории и гаражи).
Класа на намена А1 - бројот на жители = бр. на домаќинства х 3.4 жители/стан = 489 х 3.4 = 1662.6 жители за класа на намена А1.
Бруто густина за класа на намена А1 = 1662,6/11.08 = 150,0 жит/ха.

Класа на намена А2 - број на станови (домаќинства): Р.Б.П = 20186/80 = 252 станови.
- Бројот на жители = бр. на станови х 3.4 жители/стан = 252 х 3.4 = 857,92 жители.
Бруто густина за класа на намена А2 = 857,92/11.08 = 77 жит/ха.

Вкупно: 807.4 жители - збирна вредност од А1 и А2.
Бруто густина
Г бр =2520.52 жит. / 11.08 ха = 227 жит/ха

3.1.5.4. Парцелација и регулација

При одредување на градежните парцели, максимално се почитува приватноста, односно сопственоста на постојните катастарски парцели со или без изградени објекти во согласност со законската регулатива.
На планираните површини за градба ќе можат да се изградат, доградат или надградат нови објекти согласно законската регулатива.
Во границите на катастарските парцели се формираат една или повеќе градежни парцели, или пак од повеќе катастарски парцели се формира една ГП, а сето тоа во согласност со дадените законски норми и потребите на сопствениците.
Површината на планираните градежни парцели е променлива, што е во зависност од намената на површината, границата на катастарската парцела т.е. сопственоста и конфигурацијата на теренот.
Во сите градежни парцели се предвидува само една површина за градба во која ќе може да се гради само еден објект.
Изградбата на објектите ќе биде во границите на одредените површини за градба (утврдениот простор ограничен со градежни линии) кои се регулирани со градежни линии - главни, помошни и подземни.
Големината на објектот зависи од следните фактори:
- Процент на изграденост на парцелата
- Коефициент на искористеност
- Максималната височина на градбата до кота на венец
- Потребен број на паркинг места

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

Процентот на изграденост и коефициентот на искористеност се различни и се определени табеларно за секоја градежна парцела поодделно.
Висината на објектот е дефинирана со максималната кота на венец и истата е дефинирана за секоја градежна парцела поодделно.
Максималната височина на градбата се определува согласно член 120, 121 и 122 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.225/20 и 219/21).
Максималната височина на градбата се дополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради до одредената височина. Најмалата спратна височина со која се пресметува бројот на спратови, мерено од плоча до плоча, за домување е 2,90 метри, за деловна дејност 3,40 метри, при тоа водејќи сметка за растојанијата до соседните објекти согласно важечките законски и подзаконски нормативи.
Максималната височина на градбата е формулирана како условена планска одредба која се остварува во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот за достигнување на максималната височина на градбата. Условеноста најчесто се однесува на барањето во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број на паркинг места според намената на градбата.

3.1.5.5. Урбано зеленило и озеленетост

Согласно ГУП за град Прилеп, процентот на озеленетост во блок 3.12, треба да изнесува најмалку 10% од нејзината вкупна површина. Овој процент е применлив на поголемо урбано подрачје во кое ќе бидат планирани засебни озеленети површини.
Планскиот опфат на овој ДУП има зелени површини со ограничена намена како што се:
- дворно зеленило,
- линиско сообраќајно зеленило (дрвореди), согласно член 175, точка 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20 и 219/21) и
- заштитно сообраќајно зеленило.

Вкупна квадратура на јавна површина со линиско сообраќајно зеленило (дрвореди) = 1366м^2, на заштитно сообраќајно зеленило = 74м^2.
Вкупна површина на ГП во планскиот опфат = 84678,5м^2 односно 20% = 16935,7м^2.
Од анализата следи дека:
Површина (озеленетост) = 1366 + 74 + 16935,7 = 18375,7м^2.
Озеленетост на ниво на плански опфат = 18375,7 / 110766,3 x 100 = 16.59%
Според погоре изведените математички пресметки, констатираме дека е задоволен процентот на озеленетост од 10% на ниво на плански опфат (предвиден со ГУП за град Прилеп) на дворните места во рамките на градежните парцели во планскиот опфат и предвидените јавни површини со парковско зеленило од површината на планскиот опфат и обезбедени се најмалку 20% зеленило на секоја градежна парцела согласно член 20 став 1 од Закон за урбано зеленило (Сл.В на РМ бр.11/18).
Вкупната застапеност на површини со зелени урбани инфраструктури е согласно член 170, став (3), алинеја 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20 и 219/21).

3.1.6. Планско решение на комунална инфраструктура

3.1.6.1. Планско решение на сообраќајна инфраструктура

Како основа на модерното урбанистичко планирање е концепцијата на уличната мрежа. Уличната мрежа за да обезбеди безбедно и непрекинато одвивање на сообраќајните токови како и рамноправен третман на сите учесници во сообраќајот, треба да биде прегледна и јасна. Хиерархискиот систем на поставеност на уличната мрежа е еден од предусловите за исполнување на гореспоменатите услови.
Како основа за проектирање на сообраќајното решение послужи анализата на документационата основа и податоците од Генералниот урбанистички план на град Прилеп.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

При проектирањето на патната мрежа во населбата, после увидот и прибирањето на податоци од теренот, максимално е водено сметка, секаде каде е тоа можно, да се следат трасите на постојните патеки и улици.
Од важечкиот ГУП за град Прилеп донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015 год. преземени се улиците од примарната улична мрежа и дел од секундарната улична мрежа кои се и главни артерии преку кои ќе се опслужува планскиот опфат.

Од ГУП преземена е **Собирна улица С14** ул.„Прилепски Бранители“ (Марксова), која согласно ГУП за град Прилеп е дадена со профил 2м + 13м + 2м - вкупно 17.0 метри со вкупна должина л=349.84м’.

Исто така од ГУП за град Прилеп се преземени следните улици од секундарната улична мрежа:
- **Сервисни улици** со вкупна должина л=1223,26м’. Тука спаѓаат следните сервисни улици:
- **Сервисна улица Ср4** ул.„Егејска“, која согласно ГУП за град Прилеп е дадена со профил 4.0м + 8.0м +4.0м - вкупно 16.0 метри со должина од л=339.36м’.
- **Сервисна улица Ср9** ул.„Арх. Доситеј“, која согласно ГУП за град Прилеп е дадена со профил 1.5м + 3.5м + 3.5м +1.5м - вкупно 10.0 метри со должина од л=367.97м’.
- **Сервисна улица Ср10** ул.„Кузман Јосифоски“, која согласно ГУП за град Прилеп е дадена со профил 1.5м +3м +3м +1.5м - вкупно 9.0 метри со должина од л=281.66м’.
- **Сервисна улица Ср1** ул.„Панде Чесноска“, која е постојна и за која е даден профил 2.4м +3м +3м +2.4м - вкупно 10.8 метри со должина од л=185.0м’.
- **Сервисна улица Ср2** слеп крак од ул.„Прилепски бранители“ (Марксова), која е новопланирана со профил 2.4м +3м +3м +2.4м - вкупно 10.8 метри со должина од л=49.27м’.

Од секундарна улична мрежа во рамки на опфатот се следните улици:

- **Станбени улици** со вкупна должина л=487.21м’. Тука спаѓаат следните станбени улици:
Ст1 крак од ул.”Пионерска”, со профил 2.4м + 2.75м + 2.75м + 2.4м – вкупно 10.3м’ со Л=154.73м';
Ст2 крак од ул.“Круме Јоскоски” со профил 2.4м + 2.75м + 2.75м + 2.4м – вкупно 10.3м’ со Л=181,45м’;
Ст3 крак од ул.“Круме Јоскоски” со профил 2.4м + 2.75м + 2.75м + 2.4 - вкупно 10,3м со Л = 151.03м’.

- Пристапни улици согласно член 142, став (7), како и нејзино димензионирање согласно член 145, став (6) од Правилникот за урбанистичко планирање, со вкупна должина Л=1277,98м’. Тука спаѓаат:
Пр1, крак од ул.”Архиепископ Доситеј”(Ленин) и крак од ул.”Прилепски бранители” (Марксова) со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=219.12м';
Пр2, со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=34.42м';
Пр3, крак од ул.“Круме Јоскоски” со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=132.01м';
Пр4, ул.”Стеван Стеваноски” со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=142.4м';
Пр5, со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=24.7м';
Пр6, ул.”Оцка Михајлоски” со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=132.81м';
Пр7, крак од ул.”Оцка Михајлоски” со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=93.18м';
Пр8, со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=83.46м';
Пр9, со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=62.38м';
Пр10, со профил 2.75м + 2.75м – вкупно 5.5м’ со Л=353.5м'.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

- Колско-пешачки улици согласно член 142, став (7), како и нејзино димензионирање согласно член 145, став (8) од Правилникот за урбанистичко планирање, со вкупна должина Л=187,8м'. Тука спаѓаат:
Кпу1, крак од ул."Стеван Стеваноски" со профил од 4.6м до 8.1м', со Л=49.3м';
Кпу2, со профил од 4.2м до 4.5м', со Л=33.2м';
Кпу3, крак од ул."Круме Јоскоски" со профил од 4.0м до 5.4м', со Л=52.2м';
Кпу4, ул."Стеван Стеваноски" со профил од 4.4м до 6.0м', со Л=53.1м'

- **Интегритрана сообраќајна површина Исп** со профил од 3.5м и должина 29.2м', согласно член 142, став (8), како и нејзино димензионирање согласно член 145, став (7) од Правилникот за урбанистичко планирање.

Во состав на уличната мрежа се јавуваат површини за движење на пешаците - тротоари со широчина од 1.5м - 4.0м во зависност од рангот на улицата, пешачки патеки, како и паркинг просторот со вкупен капацитет од 13 паркинг места за лесни моторни возила на јавни паркинг површини.

Од досега кажаното произлегува дека во планскиот опфат се јавуваат следните површини на улична мрежа:

тип на површина	површина ($м^2$)
коловоз-асфалт	114374
тротоар	4451
пристапни и колско-пешачки улици	6153
интегрирани сообраќајници	102
сообраќајно зеленило	74
јавна пешачка површина	934
Вкупно:	26088

Површината на сообраќајните коридори (уличната мрежа) во однос на опфатот е застапена со 23.55%. Доминантниот пад на теренот во рамките на планскиот опфат изнесува околу 1.84% во правец север - југ.

- Стационарен сообраќај – паркирање
Паркирањето се предвидува во границите на градежните парцели и тоа:
За намена А1 и А2, согласно член 134, став (1), алинеја 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В на РСМ бр.225/20 и 219/21);
- Паркирањето се предвидува во границата на градежната парцела согласно член 128, став (2), точка 1 и согласно точка 2 од истиот став за големите градежни парцели во состав на паркиралиштата од точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22).
Напомана! Даденото решение е оправдано и со фактот што јавниот паркинг предвиден со ДУП за УАЕ бр.7, донесен со одлука бр.08-2932/1 од 27.06.1990. не е реализиран до денес.
За намена намена Б1 – мали комерцијални и деловни дејности, согласно член 134, став (1), алинеја 6 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В на РСМ бр.225/20 и 219/21).

Нивелмански план
Нивелационото решение е изработено врз база на геодетски снимените коти на терен и важечките стандарди и прописи, а со прикажани коти на вкрсни осовински точки и подолжни наклони, притоа е водено сметка максимално да се следи постојниот терен. Во опфатот постојат големи висински разлики, но и покрај тоа новопланираните улици се предвидени согласно законската регулатива и нивните падови не ги пречекоруваат законските ограничувања. Подолжните наклони се движат во рамките од 0.3% до 3.84%.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

3.1.6.2. Хидротехничка инфраструктура

Општи податоци

ДУП за четврт 3, блок 3.12 е во границите на ГУП на град Прилеп. Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина во интервал од 650.89 до 654.65м. Според состојбата на терен предметниот плански опфат се наоѓа во централното градско подрачје на град Прилеп.

Во опфатот е планирано да живееат и работат 2500 жители.

Во опфатот има водоснабдителна мрежа, но истата треба да се дополни за снабдување на целиот опфат. За таа цел во дел од планскиот опфат кој не е покриен со водоводна мрежа се проектира нова водоводна мржа која ќе овозможи нормално водоснабдување на станбените и деловните објекти а истовремено ќе овозможи работа на хидрантите за време на пожар. Постојната водоснабдителна мрежа се задржува и делумно.

Предвидена е новата водоводна мрежа по новопроектираната улица да се поврзи на постојната главна линија по Кузман Јосифоски Питу Ø300, Егејска Ø125, Прилепски бранители Ø100 и Ø400 и да се оформи прстенеста мрежа со постојната линија по улицата Архиепископ Доситеј и крак од Мице Козароски позади поштата.

За одведување на фекалните води постои мрежа која го покрива поголем дел од опфат и обезбедува соодветно одведување на фекалната вода надвор од опфатот. Потребно е по новопланираните улици да се предвиди нова фекална канализација која ќе се поврзи на постојната по улица Кузман Јосифоски.

За одведување на атмосферските води во опфатот постои мрежа која го покрива поголем дел од опфат и обезбедува соодветно одведување на атмосферската вода . Потребно е по новопланираните улици да се предвиди нова атмосферска канализација која ќе се поврзи на постојните атмосферски канали по Кузман Јосифоски, Архиепископ Доситеј и позади поштата по улица Мице Козароски.

При планирањето на системите за водоснабдување и канализации почитувани се следните закони, правилници, уредби и останата важечка документација:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16);
- Закон за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. СВ на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 148/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.Весник на РМ бр. 68/05, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15, 31/16);
- Закон за води (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23,13, 163/13, 180/14, 146/15);
- Закон за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16);
- Правилник за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл.Весник на РМ бр.26/18);
- Уредба за класификација на водите (Сл.Весник на РМ бр.18/99);
- Закон за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20).
- Правилник за урбанистичко планирање (Сл.В на РСМ бр.225/20 и 219/21);
- Целта на воспоставената регулатива е обезбедување квалитетно водоснабдување, запирање на трендот на загадување на водите и нивно подобрување до ниво на законски пропишан квалитет.

3.1.6.2.1. Водовод

Потребните количини за водоснабдување на опфатот во голем дел ќе се обезбедат од постојната и новопланираната водоводна мрежа во опфатот од улиците “Прилепски бранители, “Егејска”” "Кузман Јосифоски", “Архиепископ Доситеј” (Ленин), “Панде Чесноска”, “круме Јоскоски” и "Пионерска" со профил Ø 80, Ø 100, Ø 125, Ø 300 и Ø 400.

Потребните количини на вода за пиење во опфатот е за 2500 жители.

Qsr/den = N*Q0 = 2500*350= 875000 (л/ден)

Q0=350 - водоснабдителна норма за жител (л/д/ж)

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

Qmax/den = Qsr/den*a1 = 875000*1.3 = 1137500 (л/ден)
Qmax/h = Qmax/den*a2 / 24 = 1137500*1.5 / 24 = 71093,75 (л/час)

a1 и a2 -коефициенти на дневна и часова нерамномерност
Меродавните протоци за димензионирање ќе бидат:
qsr/den = Qsr/den / 86400 = 875000 / 86400 = 10,12(л/сек)
qmax/den = Qmah/den / 86400 = 1137500 / 86400 = 13,17 (л/сек)
qmax/h = Qmah/h / 3600 = 19,75 (л/сек)

За овој плански опфат се предвидени 22 улични ПП надземни хидранти поврзани со довод со Ø100 мм, со што е обезбедена целосна покриеност на опфатот. Потребната количина на ПП вода е предвидена за истовремна работа на два хидранти, те. 10 l/sek. Некои од дијаметрите дадени во графичкиот прилог може да претрпат промени при изработка на детална хидрауличка пресметка во основниот проект.

3.1.6.2.2. Фекална канализација

На предметниот плански опфат постои сепаративен фекален канализационен систем, односно одведувањето на фекалните отпадни води веќе се одвива засебно од прифаќањето и одведувањето на атмосферската канализација. Во планската документација потребно е дополнување на фекалната мрежа по новопроектираните краци. Во фекалната канализациона мрежа ќе се испуштаат санитарните отпадни води.

Количината на отпадната вода се зема 80% од потрошувачката на вода (Qmax/h), зголемена за 25% од инфилтрација на води и изнесува:

Qotp = 1.25*(0.8*qmax/h) = 19,75(л/сек)

Постојната фекална канализација се задржува додека во мал дел од опфатот се предвидува нова фекална канализациона мрежа.
Ново проектираната канализациона мрежа се состои од систем на цевководи и шахти. Препорачливо е да се води по осовината на сообраќајниците. Падот на канализацијата претежно го следи падот на сообраќајниците. Некои од дијаметрите дадени во графичкиот прилог може да претрпат промени при изработка на детална хидрауличка пресметка во основниот проект.

3.1.6.2.3. Атмосферска канализација

Во планската документација потребно е дополнување на атмосферската мрежа по новопроектираните краци.
За одведување на атмосферските води од дадениот опфат испланирана е атмосферска канализација која ќе ја одведе од опфатот до постојната атмосферска канализација, по ул."Кузман Јосифоски", "Архиепископ Доситеј" и мал крак од ул."Мице Козароски" со профил Ø1200мм и се влеваат во коритото на река "Оревоечка". Ново проектираната канализациона мрежа се состои од систем на цевководи и шахти. Препорачливо е да се води по осовината на сообраќајниците. Падот на канализацијата претежно го следи падот на сообраќајниците Некои од дијаметрите дадени во графичкиот прилог може да претрпат промени при изработка на детална хидрауличка пресметка во основниот проект.

3.1.6.2.4. Хидрантска мрежа

За прва превентивна заштита од пожар проектирани се надземни пожарни хидранти вкупно 22 хидранти, поврзани со затворена мрежа од цевки со профил Ф100.

ППЗ за опфат со помалку до 5000 жители се претпоставува веројатност од појава на еден пожар со времетраење 2 часа и истовремена работа на два хидранти со Qпож.=10 л/сек.

Во рамките на планскиот опфат предвидено е да се постават надземни улични пожарни хидранти на растојание од еден до друг од 80 до 150м, така што покриеноста на објектите да биде во радиус од 40 до 75 м.

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

Притисок на вода во постојната водоводна мрежа е од 4 до 4.5 бари, и може да се обезбеди нормално функционирање на хидрантите за заштита од пожар. Потребниот притисок за работа на надворешните хидранти е 2.5 бари.

3.1.6.3. Електроенергетика

Основното решение за разгледуваниот ДУП опфаќа површина од 71 889,5м^2, односно 13,015ха. е предмет на изготвување на основно електроенергетско напојување.
Вкупната површина на плански опфат изнесува 110769,3м^2 или 11,08ха.
- Во опфатот со градежни парцели е зафатена површина од 84678м^2 или 8,47ха.
- Вкупната површина за градење изнесува 36265,42 м^2 или 3,63ха.
- Вкупната бруто развиена површина се предвидува 121671м^2 или 12,17ха.
- Процентот на изграденост на ниво на плански опфат изнесува 42,83%.
- Коефициентот на искористеност на ниво на плански опфат изнесува 1,44.

Во планскиот опфат се јавуваат следните класи на намени на земјиштето:
А – Домување (група на класи на намени)
А1.1 – куќи со двор,
А1.2 – семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи,
А1.3 – семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни,
А2.1 – слободностоечки згради со двор,
А2.2 – згради за домување во низа
Б – деловни згради
Б1.1 – мали објекти за трговија со специјализирана роба,
Б1.4 – мали објекти за трговија со мешана стока,
Б1.7 – слаткарници, патисерии, продавници за бели печива, мали пекари и фурни,
Е1.8 - Комунална супраструктура (трафостаници до 20кв).

- Во опфатот со градежни парцели е зафатена површина од 84679м2 или 8.47ха.
- Вкупната површина за градење изнесува 36265м2 или 3.63ха.
- Вкупната бруто развиена површина се предвидува 121671м2 или 12.17ха.
- Процентот на изграденост на ниво на плански опфат изнесува 42.83%
- Коефициентот на искористеност на ниво на плански опфат изнесува 1.44

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следниве електроенергетски параметри:
Одредување едновремена моќност за становање

1. Класа на намена -А1 (домување –куќи со двор,семејни куќи ,семејни куќи во низа)

Инсталирана моќност по стан - 15 KW N= 166
Коефициент на едновременост - n1 = 0,3
Коеф. на едновременост за бесконечен број станови – n2 = 0,185
Едновремена моќност по стан за затоплување и ладење на соби – 3,0 KW
За локалитетот се предвидени 418 домаќинства (станови), па коефициентот е:
n3 = 0,185 + (1-0,185)/166 = 0,19
Едновремена моќност за 166 станови изнесува:
Ped1 = 166 x 15 x 0,19 = 473 KW
Едновремената моќност за греење и ладење на 166 станови изнесува:
Ped2 = 166 x 3 x 0,901 = 449 KW
Ped.A1 = 473+449== 922 KW

2. Класа на намена -А2 (слободностоечки згради , згради за домување во низа)

Инсталирана моќност по стан - 12 KW N= 252
Коефициент на едновременост - n1 = 0,3
Коеф. на едновременост за бесконечен број станови – n2 = 0,185
Едновремена моќност по стан за затоплување и ладење на соби – 3,0 KW

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

За локалитетот се предвидени 252 домаќинства (станови), па коефициентот е:
n3 = 0,185 + (1-0,185)/252 = 0,19
Едновремена снага за 252 станови изнесува:
Ped1 = 252 x 12 x 0,19 = 575 KW
Едновремената моќност за греење и ладење на 166 станови изнесува:
Ped2 = 252 x 3 x 0,901 = 681 KW
Ped.A2 = 575+681= 1256 KW

3. Класа на намена - Б (Б1.1 - дуќани, занаетчиски дуќани, Б1.4 – мали објекти за трговија, Б1.7 – мали објекти за трговија со мешана стока изнесува)
Коефициентот за таков тип на објекти е 0,15 KW/ м^2
Ped.Б = 0,15 KW/ м^2 x 1274 м^2 = 191KW
Ped.Б = 191 KW

4.Класа на намена ЈАВНИ ПОВРШИНИ (сообраќајници, тротоари, парковско зеленило)

Едновремената моќност за улично осветлување за уличната мрежа (коловоз-асфалт, тротоар, пристапни улици,велосипедска патека, пешачки патеки, парковско зеленило):
Ped.c = 0,0025 KW/ м2 x 26 088 м2 = 65 KW

Вкупната едновремена моќност за разгледуваниот простор –ДУП изнесува:
Ped = Ped.A1 + Ped.A2 + Ped.Б + Ped c = 922+1256+191+65= 2 434KW.

Потрошувачката на ел.енергија е наменета 85% домување во станбени згради и куќи , 10% за мали комерцијални и деловни објекти, а мал дел е наменет за конзумот улично осветлување.
Според мрежните правила на ЕВН-Македонија стандардни трафостаници кои треба да се предвидуваат се Компактни Армирано-Бетонскати Трафостаница 10(20)/0,4 KV со снага до 1250 KVA.
За разгледуваниот плански опфат ја имаме следната пресметка
- едновремена моќност Ped = 2 434 KW
- поединечна снага на ТС =1250 KVA (80% е 1000 KVA)

постоечката трафостаница има снага од 630 KVA (80% е 500 KVA)

број на трафостаници n
n = 2 434 / 1000 = 2,4
од што следува дека се потребни минимум 3 нови трафостаници

Во разгледуваниот простор има 1 постоечка трафостаница, па се предвидува изградба на 3 нова трафостаница. За таа цел се предвидува формирање на посебни градежни парцели за секоја од нив. Овозможен е непречен сообраќаен пристап до трафостаниците преку станбени и пристапни улици.

Целокупната нисконапонска мрежа потребно етапно да се реконструира и да се изведе дел како надземна со армирано бетонски столбови(замена на дотраените дрвени столбови), а дел се изведе како подземна со оглед на новите мрежни правила на Електродистрибуција ДООЕЛ-Скопје .
Во делови од урбаниот опфат , каде е потребна помала моќност за користење , приклучувањето на објектите на електрична енергија може да се изведе со слободно стоечки ормари, а каде е поголема моќноста со НКРО.

3.1.6.3.1. Улично осветлување
Целта на јавното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови, сличен на оној во дневни услови. Квалитетот на инсталација за јавно осветлување, зависи воглавно од елементи кои можат да се поделат во три групи:

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул.Прилепски бранители бр.1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, e-mail:
contact@jpzapup.com

- Според елементите кои се однесуваат на геометријата на инсталацијата, ширина на сообраќајница, растојание помеѓу светилките, висина на монтажа на извор на светлоста и врста на распоред на изворот на светлост;
- Според елементи кои се однесуваат на светилки и извор, интензитет на изворот на светлоста, облик на крива на распределба на јачината на светилка, како и боја на извор на светлост;
- Според елементи кои се однесуваат на рефлексиони карактеристики на површина на коловоз.

Со овој ДУП, со инсталацијата за јавно осветлување, опфатени се сите сообраќајници. За јавно осветлување на сообраќајниците предвидени се светилки со натриумови високопритисочни сијалици, а дел со неонски сијалици. Со оглед на трендот за штедење на електрична енергија,предвидените натримови и неонски светилки даваат добар светлосен флукс, трошат малку електрична енергија и имаат долг век на траење (живот).
Ќе се изврши поставување на уличното светло со поставување на нови ЛЕД светилки со моќност до 120W на собирните и сервисните улици, заради подобра лиминисценција се поставуваат на столбови на растојание до 30 метри, а на новопроектиринте станбени улици се поставуваат ЛЕД светилки со снага до 40 W на растојание до 30 метри.
Во локалитетот сообраќајниците во поглед на светлотехничките карактеристики, се класифицираат во следниве класи на сообраќајници и следните светлотехнички параметри:

Класа М2 – Собирна улица – Прилепски бранители

- сјајност на коловозот	...	Lm=1,5–2,0 cd/m2
- средна погонска осветленост	...	Em = 30 Lx.
- просечна рамномерност на осветлувањето	...	JLM = 40 %
- висина на поставување на светилките	...	H = 10 m.
- светлосен извор	...	LED120W
- меѓусебно растојание	...	30 m.
- начин на поставување	...	двореден-наизменочно

Класа М3 – Сервисни улици

- сјајност на коловозот	...	Lm=1,0–1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост	...	Em = 20 Lx.
- просечна рамномерност на осветлувањето	...	JLM = 40 %
- висина на поставување на светилките	...	H = 8 m.
- светлосен извор	...	LED 85 W
- меѓусебно растојание	...	30 m.
- начин на поставување	...	еднореден

Класа М4 – Станбени и пристапни улици

- сјајност на коловозот	...	Lm=0,5–1,0 cd/m2
- средна погонска осветленост	...	Em = 15 Lx.
- просечна рамномерност на осветлувањето	...	JLM = 40 %
- висина на поставување на светилките	...	H = 8 m.
- светлосен извор	...	LED 1x40 W
- меѓусебно растојание	...	30 m.
- начин на поставување	...	еднореден

Трафостаницата и електричната мрежа се во сопственост на ЕВН-Македонија – ПОДРУЖНИЦА КЕЦ Прилеп. Истата ќе изработи Проект за линиска инфраструктрна градба и основен проект за реконструкција на ТС врз основа на решението дадено во склоп на Деталниот урбанистички план.

Трафостаниците за поголемите објекти може да се изградат и во состав на објект при што треба да се почитуваат соодветните закони и прописи.
Направена е компјутерска фотометриска пресметка од која се гледа дека во потполност се запазени горенаведените барања.
Во склоп на разгледуваниот ДУП има кабли на мрежата над кои се предвидени објекти. Каблите треба да се дислоцираат(прикажано е во проектов), а дислокацијата паѓа на терет на инвеститорот.

3.1.7. Телекомуникациска мрежа

Телекомуникациската мрежа е значаен фактор во развојот на општествениот стандард, со можноста за брзо ширење на секаков вид на информации. Разводната телефонска мрежа е подземна со воздушни изводи до приклучувањето. Во непосредна близина на разгледуваниот простор кој за кој се работи ДУП е изведена телефонска мрежа. Телефонската мрежа е во сопственост на АД "Т-Home".
